# Возач на дампер

## РАБОТНИ ЗАДАЧИ:

- **Безбедно и ефикасно управување со дампер:** Безбедно управување согласно важечките сообраќајни прописи, сигнализација, правила за безбедност и работното упатство.
- **Спроведување задолжителна проверка на возилото пред почеток на работа:** Проверка на системите за кочење, управување, греење, осветлување, сигнализација и останатата опрема.
- **Контрола на товарот и условите на транспорт:** Почитување на дозволените ограничувања за тежина и обезбедување безбедно превезување.
- **Навремено пријавување технички дефекти и неправилности:** Пријавување на технички дефекти до непосредно предпоставениот и поставување согласно добиените насоки;
- **Водење точна оперативна документација:** Водење оперативна документација за користењето и состојбата на машината, како и пополнување на сменски извештај;
- **Безбедно движење низ рударскиот коп:** Почитување на сообраќајните правила во рудникот, одржување безбедна брзина и внимавање на другите машини и работници;
- **Почитување на мерките за безбедност:** Користење на лична заштитна опрема и почитување на процедурите за безбедност и здравје при работа;
- **Секојдневна координација и комуникација:** Комуникација со диспечерскиот центар, ЕМО и другите релевантни служби за непречено одвивање на работниот процес.

## ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:

- ССС – Средно образование;
- Возачка дозвола Ц категорија;
- Минимално работно искуство од 3 година со Ц – категорија.

## ШТО НУДИМЕ:

- Конкурентни услови за работа со месечна плата која одговара на квалификациите и искуството;
- Обезбеден оброк и превоз до и од местото на работа;
- Работна околина според највисоки европски норми за безбедност и здравје при работа;
- Почетен договор на определено време, со можност за продолжување.

## РАБОТНО ВРЕМЕ:

Работа во 3 смени со следниот распоред:

- 06:00 – 14:00 часот
- 14:00 – 22:00 часот
- 22:00 – 06:00 часот

Доколку сте заинтересирани за оваа позиција, Ве молиме да го испратите Вашето CV (работна биографија) на македонски јазик на **hr@bucim.mk**, заедно со копија од дипломата за завршено образование. Во предметот на пораката наведете "Оглас за Возач на дампер".

**Краен рок за поднесување на апликации**: 09.09.2026 година.

*Само селектираните кандидати ќе бидат повикани на интервју. Нецелосно пополнетите CV и непотполна документација нема да бидат разгледани.*

*ДПТУ Боров Дол ДООЕЛ го задржува правото да не ја пополни огласената позиција.*

*Со Вашето доставување на CV се согласувате истото да биде задржано во нашата база на кандидати во времетраење од 12 месеци.*

РУДНИК ЗА БАКАР БУЧИМ | COPPER MINE BUCIM